**ПРЕДЛОГ 14**

Врз основа на членовите 383, 418 и 419 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 25.04.2024 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје

1. Се вршат измени и дополнување на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје како што следи:

Член 1

**Се менува член 14 став 3 и истиот гласи:**

Основната главнина на друштвото целосно е составена од обични акции во вкупен износ од 14.577.926 Евра, при што сите 259.200 акции се обични акции.

Член 2

**Се менува член 15 став 1 и истиот гласи:**

Основната главнина на друштвото се состои од 259.200 обични акции.

Член 3

**Се менува член 16 став 1 и истиот гласи:**

Номиналната вредност на една акција изнесува 56,242 Евра.

Член 4

**Во член 45 по став 2 се додава нов став 3 и истиот гласи:**

Членовите на Надзорниот одбор може да учествуваат и да одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема.

Ставовите 3,4 и 5 стануваат ставови 4,5 и 6.

2. Се овластува Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје да изготви пречистен текст на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје;

3. Да се спроведат сите потребни дејствија за да се впише промената на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, во надлежниот регистар најдоцна во рок од 3 месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука;

4. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по целосно завршување на постапките за упис на промена во надлежните регистри/институции.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

________________________